**З А П И С Н И К**
**од 5- та вонредна седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на ден 02.05.2025 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 19 члена на Советот.

Најпрво се гласаше за оправданоста причините за свикување на седницата .По гласањето се утврди дека од 19 присутни со 19 гласа „за“ беше констатирана оправданоста.

Потоа претседателот ја отвори 5-та вонредна седница на Советот на Општина Велес, која започна во 08:40 часот.

Претседателот на Советот ја прочита точката која е предложена во следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог – одлука за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација с.Клуковец-с.Бузалково-с.Клуковец (преку с.Сливник) за која нема обезбедено линиски превоз.

Дневниот ред се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 19 присутни членови на СОВ со 19 гласа „за“, истиот се усвои.

Се премина кон расправа на точката.

**ТОЧКА 1. Предлог – одлука за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација с.Клуковец-с.Бузалково-с.Клуковец (преку с.Сливник) за која нема обезбедено линиски превоз**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој поднесе Извештај од работата на комисијата по однос на оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 гласа „за'' се донесе Одлуката за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за релација с.Клуковец-с.Бузалково-с.Клуковец (преку с.Сливник) за која нема обезбедено линиски превоз.

Седницата беше закажана за во 08:30 часот, започна со работа во 08:40, а заврши во 8:43 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 25-
.2025 година
Велес